СТОПАНСКА БАНКА
а.д. Битола

*(доверливо)*
**СО 50. седница**
**4.5.2023 година**
**Точка на дневен ред бр. 8**

# ОДЛУКА

## за избор на Друштво за ревизија на Стопанска банка а.д. Битола

**Битола, 2023 година**

Врз основа на член 45 од Статут на Стопанска банка а.д. Битола (пречистен текст), СО бр. 02-19821/1/II-2 од 11.11.2020 година, Собранието на Стопанска банка а.д. Битола на својата 50. редовна седница, одржана на ден 4.5.2023 година, донесе:

# ОДЛУКА

## за избор на Друштво за ревизија на Стопанска банка а.д. Битола

### Член 1

За вршење ревизија на годишните финансиски извештаи на Стопанска банка а.д. Битола за период од 1 (една) година, односно за тековната 2023 година, се избира Друштво за ревизија БДО ДОО Скопје.

### Член 2

Се овластува Управниот одбор на Банката да склучи договор со Друштвото за ревизија од член 1 на оваа Одлука со кој ќе се определи обемот на ревизорските услуги и износот на надоместокот за нив во согласност со дадената понуда.

### Член 3

Износот на средствата за надоместокот за извршените услуги да паднат на товар на трошоците на работењето на Банката.

### Член 4

Оваа одлука влегува во сила на денот на донесувањето.

**СО бр.** 02-6487/1/III-8
**Битола, 4.5.2023 година**

**Собрание**
**Стопанска банка а.д. Битола**
**Претседавач**

СТОПАНСКА БАНКА а.д. БИТОЛА 1

**Образложение**

Во согласност со член 105 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15, 190/16 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 122/21), банката е должна да определи друштво за ревизија што ќе врши ревизија на годишните финансиски извештаи и на трговските книги на Банката.

Стопанска банка а.д. Битола презеде активности за избор на ревизорско друштво за вршење ревизија со доставување Барање за прибирање понуди за избор на друштво за ревизија за вршење ревизија на финансиските извештаи и на трговските книги на Банката во согласност со Законот за банките. Барањето за понуда се однесуваше на една (2023 год.), две (2023, 2024 год.), три (2023, 2024 и 2025 год.) и пет деловни години (од 2023 - 2027 год.).

Во транспарентниот процес за избор на Друштво за ревизија, притоа имајќи ги предвид законските ограничувања за периодот на последователни ревизии, постоењето можен судир на интереси поради тековни заеднички проекти со одредени друштва, потоа ценејќи ги искуствата од меѓународната финансиска практика и водејќи се од принципите на репутациски ризик за Банката, покани за учество беа испратени на следните друштва за ревизија:

- ПРАЈСВОТЕРХАУСКУПЕРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје;
- ДИЛОИТ ДОО Скопје;
- КПМГ ДОО Скопје;
- ГРАНТ ТОРНТОН ДОО Скопје;
- ЕРНСТ И ЈАНГ - ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ ДОО Скопје;
- БДО ДОО Скопје
- РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје

Одборот за ревизија, по разгледување на Записникот од состанокот на Комисијата на Банката за прибирање понуди и по изготвената преглед ранг-листа од пристигнатите понуди, достави предлог до Надзорниот одбор на Банката да се избере Друштво за ревизија БДО ДОО Скопје за период од 1 (една) година, односно за тековната 2023 година.

Надзорниот одбор на седницата одржана на 27.3.2023 година го одобри предлогот на Одборот за ревизија за избор на Друштво за ревизија БДО ДОО Скопје за вршење ревизија на финансиските извештаи и на трговските книги на Стопанска банка а.д. Битола за период од 1 (една) година, односно за тековната 2023 година, и го достави до Собранието на Банката за донесување одлука за назначување друштво за ревизија.

Стопанска банка а.д. Битола
Претседател на Надзорен одбор

НО бр.02- 4603/1/II.1-21-2
27.3.2023 година

м-р Миле Зечевиќ

СТОПАНСКА БАНКА А.Д. БИТОЛА 1